# ИЗВЕШТАЈ од НАДЗОРЕН ОДБОР за 2018

Примено: 18.02.2019 г.

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 02 | 210 | / | . |

**До**
**Собранието на**
**Комората на овластени архитекти и овластени инженери**

Согласно член 21 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (КОАИ), Надзорниот одбор на КОАИ го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Надзорниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (НО), во состав:

- М-р Кристинка Радевски, д.и.а. Претседател,
- Ратко Станојковски, д.е.и. Заменик Претседател,
- Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик Член,

на 18.02.2019 година изврши контрола на материјално финансиското работење и на завршната сметка за 2018 година на Комората.

Од страна на Генералниот Секретар и стручата служба на КОАИ беа доставени податоци за материјално финансиското работење.

**Од извршената контрола може да се констатира дека материјално финансиското работење на КОАИ е согласно Статутот и актите на КОАИ.**

Стручната служба и УО на КОАИ да постапат по забелешките дадени во Записникот кој е прилог на овој Извештај.

**Прилог:** Записник: арх.бр.02-210 од 18.02.2019

Скопје, 18.02.2019 година

**Претседател на Надзорен Одбор**
М-р Кристинка Радевски, д.и.а.

18.02.2019
14:20

*Надзорен одбор* *Скопје, 18.02.2019 година*

# **З А П И С Н И К**
од прва седница на Надзорен Одбор
на Комора на овластени архитекти и овластени инжењери
одржана на ден 18.02.2019 година

**Присутни:**

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски д.е.и., Заменик Претседател
3. Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик член

Тема на состанокот на прва седница на Надзорниот Одбор на Комора на овластени архитекти и овластени инжењери беше разгледување на материјалите од работењето на Комората за период од 1 јануари до 31 декември 2018 година, со цел изготвување на Годишен Извештај. Состанокот се одржа во просториите на Комората, со почеток во 12.00 часот.

Постапувајќи по задолженијата согласно Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инжењери на Република Македонија, чл.19, точка 2 за надзор над:

- спроведување на Статутот и другите општи акти на Комората и остварување на правата на првата и обврските на членовите на Комората;

- материјално и финансиско работење на Комората и располагање со средствата на Комората;

- работа на стручната служба на Комората во согласност со Статутот и другите општи акти, НО побара да се докомплетира следната документација:

1. Да се изготви Финансиски план за работа за 2019 година, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.

2. Да се достави до НО Годишниот Извештај за работењето за 2018, кој е обврска на КОАИ да го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, согласно чл.105 точка 3 од ЗГ, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.

**НО укажува на следново:**

1. НО не може да даде мислење за работата на УО и реализација на Програмата за работа на Комората за 2018 година, се додека не добие комплетен Годишен Извештај за работа на УО во 2018. НО го задолжува УО овој документ да го доставува на разгледување и усвојување до НО најдоцна 30 дена пред одржување на Годишното собрание.

2. НО бара да присуство на свој претставник на седниците на УО, со цел паралено следење на процесите и подобра координација во работењето на Комората. Пред секоја планирана седница на УО, навремено да се достави дневен ред и материјали до НО. Доколку НО смета дека има потреба од присуство, ќе го најави присуството на својот член. Кој член НО ќе биде присутен на конкретна седница, ќе биде одлучено со интерна одлука на членовите на НО и нивните заменици.

3. Итно да се изготват сите акти пропишани во чл.15 од Статутот на Комората.

НО бара постапување и произнесување по горенаведеното во рок од 30 дена.

**МИСЛЕЊЕ:**

По однос на Извештајот за финансиското работење на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, Надзорниот Одбор дава позитивно мислење.

Седницата на НО заврши во 13.30 часот.

*Изготвил: КР*

**Надзорен Одбор**

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски д.е.и., Заменик Претседател
3. Дурим Фетаху, Заменик д.и.а. член